**6169.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 23 став (2) и член 30 став (1) алинеја 2 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15 и 192/15) на ден 14.12.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

1. На ЕВН Македонија АД Скопје како вршител на енергетската дејност дистрибуција на електрична енергија му се наредува да ја приклучи малата хидроелектрана Јабланица во сопственост на Друштвото за производство, трговија и услуги МХЕ Јабланица ДОО Скопје.

2. Жалбата изјавена против оваа одлука не го одлага нејзиното извршување.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 02-1694/10
14 декември 2015 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров**, с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**6170.**

Врз основа на членот 10 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/94, 62/95, 33/97, 50/01, 26/02, 46/02, 37/05, 121/07, 161/08, 92/09, 97/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14 и 147/15), Министерството за труд и социјална политика

**О Б Ј А В У В А**

1. Стапката на трошоците на живот за месец ноември 2015 година, во однос на месец октомври 2015 година, е повисока за 0,1%.

2. Правото на пораст на платите за месец ноември 2015, во однос на месец октомври 2015 година, за работодавачите од членот 3 став 1 од Законот за исплата на платите во Република Македонија изнесува 0,05%.

Министер,
д-р **Фросина Ташевска Ременски,** с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. - Скопје
бул. „Партизански одреди“ бр. 29. Поштенски фах 51.
в. д. директор и одговорен уредник – м-р Тони Трајанов
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2015 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2015221